Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Битола, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден **01 август 2019** година се објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**

**до**

**евидентирани невработени лица за вклучување во**

**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект „Образовни асистенти - за подобро образование " за работно ангажирање од 20(дваесет) часа неделно за период од **9 (девет) месеци** заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани за 20 (дваесет) работни часови неделно.
За периодот додека лицата се работно ангажирани преку програмата „Општинско-корисна работа" истите не го губат статусот на невработено лице и истите се должни редовно да се јавуваат во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола со цел почитување на обврските согласно Закон. На невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од **9.000,00 денари месечно**, со вклучен персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да се по занимање **дипломиран учител или психолог** и да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- **-долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција)**
- **-млади лица до 29 години**
- **-лица постари од 50 години**
- **-самохрани родители**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- 12 **Образовни асистенти**
- **1 личен асистент**

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола - **во периодот од 01 август 2019 година до 15 август 2019 година, од 08:00 до 14:00 часот.**

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Битола и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Битола кај лицето м-р Виолета Налевска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Битола кај лицето Вера Средовска, Центар за социјлна работа Битола кај лицето Денис Алиоски

Бр.08-441/7
01.08.2019

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БИТОЛА
м-р Наташа Петровска